**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Бр. 03-5284/1

Скопје 28.10.2016г.

**Предмет: Осми седмичен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Осмиот седмичен извештај, што Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува согласно обврските од член 76-в став 2 и член 196-в од Изборниот законик и Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, се однесува на периодот **од 21 до 27 октомври 2016 година**.

Оваа седмица, заврши мониторингот на известувањето во петтиот десетдневен период (од 12 до 21 октомври 2016 година), за кој во прилог Ви ги испраќаме извештаите, а започна мониторингот на шестиот десетдневен период (од 22 до 31 октомври 2016 година).

Според обврските од член 75-ѓ од Изборниот законик, на 23 октомври 2016 година, беше крајниот рок за радиодифузерите да доставаат ценовници за платено политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес. Од 63 телевизии, 58 доставија ценовници, 4 (2 на државно ниво што емитуваат програма преку сателит и 2 на регионално ниво) известија дека нема да емитуваат политичко рекламирање, а од 1 локална ТВ нема известување. Од 71 радио, 48 доставија ценовници, 5 (2 регионални и 3 локални) известија дека нема да емитуваат политичко рекламирање, а од преостанатите 15 комерцијални радија (2 регионални и 13 локални) не е доставена никаква информација. Три од радијата се непрофитни радиодифузни установи и немаат можности за емитување рекламирање. Во прилог е и прегледот на пристигнатите ценовници за платено политичко рекламирање.

За предлозите на Привремената комисија за следење на медиумското претставување за известувањето на радиодифузерите во петтиот извештаен период, ќе Ве известиме во следниот седмичен извештај.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

.................................................

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата Панко Брашнаров
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009